**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08.04.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2048 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 февруари 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 8 април 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија)

   - **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
     (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, емитуван на 4 февруари 2019 година, на државно ниво, **<u>констатирано е прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u>** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски

сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела).

Со надзорот е констатирано дека на 4 февруари 2019 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово емитуваше 3 часа 33 минути и 33 секунди програма изворно создадена на албански и на македонски јазик, што е **17%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 2 минути и 16 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 4 февруари што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:02:16) е 6 часа 18 минути и 41 секунда. КЛАН МАКЕДОНИЈА емитуваше за 2 часа 45 минути и 8 секунди помалку изворно создадена програма.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, на 4 февруари 2019 година, не емитуваше најмалку 30% изворно создадена програма на албански и на македонски јазик.

**9. Предлог мерка :**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***